**20081442958**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), а во врска со член 6 и член 8 од Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" бр.18/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6.11.2008 година донесе

## УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА ОРГАНИТЕ И СТРУКТУРИТЕ НА ЦЕЛОСНО ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ПЕТТАТА КОМПОНЕНТА ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

### Член 1
### Предмет

Со оваа уредба се утврдуваат меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (во натамошниот текст: целосно децентрализирано управување).

### Член 2
### Органи и структури

(1) Органи на целосно децентрализирано управување од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (во натамошниот текст: ИПА) се Надлежниот координатор за акредитација, Националниот ИПА координатор, Националниот координатор за авторизација, Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: ИПАРД Агенција) и Раководителот на Телото за управување на петтата компонента од ИПА (во натамошниот текст:Тело за управување).

(2) Структури на целосно децентрализирано управување се Националниот фонд и Оперативната структура за петтата компонента од ИПА.

### Член 3
### Дефиниции

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

**„Целосно децентрализирано управување со петтата компонента од ИПА“** е систем на управување во рамките на кој крајната одговорност за управување е пренесена на Република Македонија како земја корисник на помошта, **без предходна (*ex ante*) контрола** на процесот на управување од страна на Европската комисија.

**„Петтата компонента од ИПА“** е компонентата за рурален развој (во натамошниот текст: ИПАРД).

**„ИПАРД програма“** е документ подготвен од Владата на Република Македонија и усвоен од Европската комисија во кој се дефинирани кохерентен збир на приоритетни области (оски), мерки и инвестиции како и видот и износот на финансиското учество, потребни за спроведување на стратегиите дефинирани во Повеќегодишниот индикативен документ за планирање.

**„Рамковна спогодба“** е спогодба склучена меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според

Инструментот за претпристапна помош – ИПА („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2008).

**„Ревизорско тело“** е функционално независно ревизорско тело за вршење на ревизија на поставеноста и функционалноста на структурите и контролните системи за управување со предпристапните фондови на Европската унија во Република Македонија, воспоставено со Законот за државна ревизија.

**„ИПАРД Агенција„** е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице, основана со Закон за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**„Комитет за следење на ИПА„** е комитет воспоставен за следење на комплетната ефикасност, квалитет и усогласеност во спроведувањето на сите ИПА програми, воспоставен согласно член 36 од Рамковната спогодба.

**Член 4**

**Национален ИПА координатор**

(1) Национален ИПА координатор (во натамошниот текст: НИПАК) е орган на целосното децентрализирано управување, кој во согласност со Анекс А, точка 2 од Рамковната спогодба, е одговорен да обезбеди:

- севкупна координација на помошта од ИПА,

-партнерство меѓу Европската комисија и Република Македонија и постојана соработка меѓу општиот интерес за пристапување кон ЕУ и користењето на ИПА претпристапните фондови,

-кохерентност и координација на ИПА програмите.

(2) НИПАК изготвува годишни и финални извештаи за спроведување на ИПА и ги доставува до Комитетот за следење на ИПА и Европската Комисија со копија до Националниот координатор за авторизација.

(3) Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија ја извршува функцијата на Секретаријат на НИПАК.

**Член 5**

**Надлежен координатор за акредитација**

(1) Надлежен координатор за акредитација (во натамошниот текст: НКА) е орган на целосното децентрализирано управување, кој издава акредитација на Националниот координатор за авторизација и на Националниот фонд за целосно децентрализирано управување, согласно условите утврдени во Анекс А, точка 1 од Рамковната спогодба.

(2) НКА преку независна ревизија врши проверка на тоа дали се исполнети критериумите за акредитација на Националниот координатор за авторизација и Националниот фонд утврдени во Анекс А, точка 1(в) од Рамковната спогодба.

(3) НКА по акредитирањето на Националниот координатор за авторизација и Националниот фонд е одговорен за следење, привремено одземање или повлекување на акредитацијата на Националниот координатор за авторизација и Националниот фонд и за информирање на Европската комисија во однос на тоа, согласно Анекс А, точка 1(б) од Рамковната спогодба.

(4) НКА сите предложени измени во начинот на плаќање и спроведување на системот за управување и контрола, по нивното акредитирање и пренесување на овластувањата за управување ги доставува до Европската комисија и копија до Ревизорското тело со цел проверка и одобрување пред нивното спроведување.

(5) НКА го подготвува и одобрува Прирачникот за внатрешни постапки за работа на Надлежниот координатор за Акредитација.

(6) НКА ги одобрува Прирачникот за внатрешни постапки за работа на Националниот координатор за авторизација и Прирачникот за внатрешни постапки за работа на

Националниот фонд, подготвени од Националниот координатор за авторизација и Националниот фонд.

**Член 6**

**Национален координатор за авторизација**

(1) Национален координатор за авторизација (во натамошниот текст: НАО) е орган на целосното децентрализирано управување кој раководи со работењето на Националниот фонд и на кого му е доверена целосната одговорност за финансиско управување со ИПА фондовите.

(2) НАО, согласно Анекс А, точка 4 од Рамковната спогодба е одговорен за законитоста и исправноста на трансакциите извршени во рамките на целосното децентрализирано управување и за ефективното функционирање на системите за управување и контрола во согласност со ИПА.

(3) НАО во рамките на извршувањето на своите функции ги користи капацитетите на Националниот фонд.

(4) НАО е одговорен за доделување на акредитација на Оперативната структура за петтата компонента од ИПА односно на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување и за тоа ја известува Европската комисија согласно член 11 од Рамковната спогодба. НАО ја доделува акредитацијата врз основа на независно ревизорско мислење согласно член 9 од Рамковната спогодба.

(5) НАО, по акредитирањето на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување од став (4) на овој член, е одговорен за следење, привремено одземање или повлекување на акредитацијата и за информирање на НКА и Европската комисија во согласност со член 11 од Рамковната спогодба.

(6) НАО го следи функционирањето на системите за управување и врши контрола во рамките на функционирањето на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување.

(7) Доколку НАО утврди слабости во системот за управување и контрола, за тоа ги известува Директорот на ИПАРД Агенцијата и Раководителот на Телото за управување и дава препораки за преземање на соодветни корективни мерки. Во случај Раководителот на Телото за управување да не ги спроведе препорачаните мерки, НАО за тоа го известува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку и покрај тоа, препорачаните мерки, останат неспроведени од страна на Телото за управување, НАО за тоа ја информира Владата на Република Македонија.

(8) Во случај Директорот на ИПАРД Агенцијата да не ги спроведе препорачаните мерки, НАО за тоа ја известува Владата на Република Македонија.

(9) НАО може да ја одземе акредитацијата на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување доколку не ги отстранат слабостите во системот за управување и контрола во утврдените рокови.

(10) Со цел успешно следење на функционирањето на системите за управување и контрола, НАО непосредно комуницира со Ревизорското тело, кое доставува до НАО годишен работен план на ревизија, годишен извештај за ревизорска активност и годишно ревизорско мислење.

(11) Заради спроведување на одговорностите на НАО, Министерството за финансии назначува лица односно формира организациона единица за внатрешна ревизија кои вршат обезбедување на ефективното функционирање на системите за управување со средствата од Европската унија.

(12) НАО може по потреба, да ангажира дополнителна независна ревизија на сите институции инволвирани во системот на целосното децентрализирано управување со средствата од ИПА, а со цел обезбедување на ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола во согласност со ИПА.

(13) НАО е одговорен за утврдување на неправилности во рамките на целосното децентрализирано управување и за известување до Европската комисија за тоа. НАО за извршување на функциите во однос на спречување, откривање, известување и истражување

на неправилностите соработува со Службата за координација на борба против измама (АФКОС) во рамките на финансиската полиција. Меѓусебните односи помеѓу НАО и АФКОС се регулираат со Меморандум за соработка.

(14) НАО доставува Годишна Изјава за гаранција до Европската комисија, согласно член 17 од Рамковната спогодба. Доколку не се достапни докази за ефикасното функционирање на системите за управување и контрола и за законитоста и регуларноста на основните трансакции кои се бараат со Изјавата за гаранција, НАО ги информира Европската комисија и НКА за причините и можните последици од настанатата состојба како и за преземените корективни мерки со цел на нејзино надминување и заштита на интересите на Европската заедница.

(15) НАО го одобрува Прирачникот за внатрешни постапки за работа на Националниот фонд, подготвен од страна на Национален фонд.

(16) НАО го одобрува Прирачникот за внатрешни постапки за работата на ИПАРД Агенцијата и Прирачникот за внатрешни постапки за работата на Телото за управување, подготвени од ИПАРД Агенцијата односно Телото за управување.

## Член 7
## Национален фонд

(1) Национален фонд е централно трезорско тело преку кое претпристапните средства од Европската унија се пренесуваат на Република Македонија согласно Анекс А, точка 5 од Рамковната спогодба и кое ги спроведува и обезбедува функциите на ефикасно функционирање на системите за управување и контрола утврдени во Анекс А, точка 4 од Рамковната спогодба.

(2) Функциите и одговорностите од став (1) на овој член се извршуваат преку соодветни организациони единици на Министерството за финансии согласно Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии.

(3) За правилно извршување на функциите на Национален фонд, одговорно е лицето кое што е назначено да ги извршува функциите на Раководител на Национален фонд и кое за својата работа непосредно му одговара на НАО.

(4) Национален фонд врши финансиско управување на ИПА, за што одговара на НАО. Национален Фонд, во рамките на своите надлежности, ги извршува следните задачи:

- отварање и управување со банкарските сметки,
- барање средства од Европската комисија,
- одобрување на преносот на ИПА средства од Европската комисија до ИПАРД Агенцијата и
- поднесување финансиски извештаи до Европската комисија.

(5) По барање на НАО, Национален фонд врши контрола на лице место во ИПАРД Агенцијата и Телото за управување со цел поефикасно следење на функционирањето на системите за управување и контрола.

(6) За извршување на своите одговорности во однос на финансиското управување со ИПА, Национален Фонд соработува со Народна банка на Република Македонија каде НКА, на барање на НАО, отвара девизна сметка за пренос на средствата од Европската комисија за петтата компонента од ИПА. Меѓусебните односи на НАО, Национален фонд и Народна банка на Република Македонија се регулирани со Банкарски Договор за утврдување на принципите и начинот на управување со девизната трансакциона сметка отворена во Народна банка на Република Македонија за целосно децентрализирано управување со средствата доделени на Република Македонија за петтата компонента од претпристапната помош на Европската унија (ИПА).

**Член 8**

**Оперативна структура**

(1) Оперативната структура утврдена во Анекс А, точка 6 од Рамковната спогодба е воспоставена со цел управување и спроведување на ИПАРД Програмата во согласност со стабилното финансиско управување на средствата од ИПА.

(2) Оперативната структура за петтата компонента ја сочинуваат ИПАРД Агенцијата и Телото за управување.

**Член 9**

**ИПАРД Агенција**

(1) ИПАРД Агенцијата е одговорна за спроведување на ИПАРД Програмата согласно принципите на стабилно финансиско управување.

(2) ИПАРД Агенција е организирана за поединечно извршување на следните функции: одобрување на проекти и плаќања, извршување на исплати и сметководствена евиденција на исплатите во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

(3) За извршување на функциите од став (2) на овој член, ИПАРД Агенцијата ги врши следните задачи:

- изготвување и спроведување на јавни повици за доставување барања и објавување на условите за прифатливост за добивање на финансиска поддршка;
- селекција и проверка при одобрување на проекти и плаќања во согласност со критериумите и механизмите кои се применуваат за ИПАРД Програмата и почитување на соодветните национални и правила на Европската заедница;
- проверка на поднесените барања за одобрување на проекти во однос на условите и критериумите за прифатливост и почитување на договорите;
- склучување на договори со крајните корисници;
- вршење на исплати на крајниот корисник;
- вршење поврат на средства од крајните корисници;
- извршување на административни проверки и контроли на лице место;
- активности за следење на напредокот на проектите;
- информирање на јавноста;
- известување за нерегуларности;
- доставување на сите потребни информации и податоци до НАО, Националниот Фонд и Телото за Управување и
- вршење сметководствени активности.

За користење на средствата од ИПА, ИПАРД Агенцијата добива акредитација од НАО и Европската комисија.

**Член 10**

**Директор на ИПАРД Агенцијата**

(1) За користењето на средствата од ИПА, Директорот на ИПАРД Агенцијата е одговорен пред Владата на Република Македонија и пред НАО.

(2) Директорот на ИПАРД Агенцијата за својата работа и работењето на ИПАРД Агенцијата во врска со користење на средствата од ИПА доставува извештаи до НАО.

## Член 11
## Тело за Управување

(1) Телото за управување е одговорно за управување со ИПАРД Програмата согласно принципите на ефективно и квалитетно користење на средствата од ИПА.

(2) Функциите и одговорностите од став (1) на овој член се извршуваат преку соодветни организациони единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Правилникот за организација и работа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Телото за управување ги врши следните функции:

- следење на ефективноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата;
- оценување на ИПАРД Програмата за подобрување на квалитетот, ефективноста и конзистентноста на средствата од ИПА како и стратегијата и спроведувањето на ИПАРД Програмата;
- известување преку изготвување и поднесување на годишни и завршни извештаи за да се обезбеди ефективно и ефикасно спроведување на мерките од ИПАРД Програмата, со користење на соодветни информатички и комуникациски системи;
- координација односно насочување и следење на работата на Комитетот за следење на ИПАРД особено со обезбедување на неопходните документи за следење на квалитетот на спроведување на програмите и
- обезбедување на достапност на информации за ИПАРД Програмата и нејзиното спроведување и особено преку истакнување на улогата на Европската заедница и обезбедување транспарентност за помошта на Европската заедница.

(4) Задачите и одговорностите на Телото за управување се:

- програмирање на ИПАРД Програмата;
- следење на ИПАРД Програмата и помош во работата на Комитетот за следење на ИПАРД, особено со обезбедување на неопходните документи за надзор врз квалитетот при спроведувањето на ИПАРД Програмата;
- изготвување на годишни и завршни извештаи за спроведување на мерките од ИПАРД Програмата и по извршените консултации со ИПАРД Агенцијата, НИПАК и НАО и по направената проверка од страна на Комитетот за следење на ИПАРД, истите се поднесуваат до Европската комисија;
- воспоставување, одржување и ажурирање на системот за известување и информирање на сите структури, органи и тела поврзани со спроведување на ИПАРД Програмата;
- воспоставување на систем за прибирање на финансиски и статистички информации за напредокот на ИПАРД Програмата, користејќи каде што е можно компјутеризирани системи кои овозможуваат размена на податоци со Европската комисија;
- предлагање на приспособувања на ИПАРД Програмата по консултации со ИПАРД Агенцијата и по договор со Комитетот за следење на ИПАРД и
- изготвување на годишен акциски план за спроведување на предвидените активности во согласност со мерката за техничка помош.

(5) Телото за управување се консултира и ја информира Европската комисија, по советувањето со Комитетот за следење на ИПАРД, за преземените иницијативи и иницијативите кои треба да бидат преземени, во однос на информирањето на општата јавност за улогата која ја има Европската заедница во ИПАРД Програмата.

(6) За извршување на задачите и одговорностите од став (4) од овој член, Телото за управување добива акредитација од НАО и Европската комисија.

**Член 12**

**Раководител на Телото за управување**

(1) Раководителот на Телото за управување во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши програмирање и надзор врз спроведувањето на ИПАРД Програмата преку координирање на задачите и одговорностите на Телото за управување.

(2) Раководителот на Телото за управување е одговорен за следење, контролирање и одобрување на активностите на Телото за управување, управување со човечки ресурси и делегирање на одделни задачи на специфични тела од член 6 став (2) од Рамковната спогодба и донесува одлуки од аспект на извршување на функциите од член 11 на оваа уредба за кои не одлучува Комитетот за следење на ИПАРД.

(3) Раководителот на Телото за управување е единствено надлежен за комуникација со органите на целосно децентрализирано управување и ги координира активностите поврзани со добивање акредитација од страна на НАО и пренесување на надлежностите за управување од Европската комисија.

(4) Раководителот на Телото за управување поднесува редовни извештаи до НАО и НИПАК за спроведувањето на задачите и одговорностите на Телото за управување.

**Член 13**

**Меѓусебни односи**

(1) Поделбата на улогите и одговорностите меѓу НАО, Национален фонд, ИПАРД Агенцијата и Телото за управување во рамките на целосното децентрализирано управување и нивниот меѓусебен однос, се утврдени во Договорот за спроведување потпишан меѓу НАО и ИПАРД Агенцијата, Договорот за спроведување потпишан меѓу НАО и Телото за управување и Договорот за спроведување потпишан меѓу ИПАРД Агенцијата и Телото за управување во кои се опишани улогите и одговорностите на договорните страни, постапките за трансфер и користење на средствата и прашањата во врска со обезбедување на националното кофинансирање, механизмите за финансиска и системска контрола, управувањето со сметките, сметководството и ревизијата.

(2) Директорот на ИПАРД Агенцијата и Раководителот на Телото за управување одржуваат редовни координативни средби и редовна комуникација со НАО и Раководителот на Национален фонд, со цел навремено надминување на сите недостатоци и пречки во процесот на спроведување на ИПАРД Програмата.

**Член 14**

**Делегирање на надлежности**

(1) Специфичните тела се формираат во рамките на и/или надвор од Оперативната структура од член 8 на оваа уредба.

(2) ИПАРД Агенцијата сите или дел од функциите кои се однесуваат на поднесување извештаи, одобрување на проекти и исплати, како и контрола на лице место, може да ги делегира на специфичните тела. ИПАРД Агенцијата спроведува супервизија над работата која ја извршуваат специфичните тела.

(3) Функциите се делегираат со склучување на договор помеѓу ИПАРД Агенцијата и специфичното тело на кој се делегира или со примена на други соодветни правни средства кои детално ја определуваат суштината на постапките, начинот на извршување на административните проверки и контроли на лице место, известување за истите, рокот за размена на информации како и достапноста до информациите, едукација и надзор над извршувањето на делегираните функции.

(4) Крајната одговорност за ефикасно извршување на делегираните функции ја сноси ИПАРД Агенцијата.

(5) Телото за управување може да делегира функции поврзани со проценка на ИПАРД Програмата. Крајната одговорност за ефикасно извршување на делегираните функции ја сноси Телото за управување.

**Член 15**

**Комитет за следење на ИПАРД**

(1) Согласно член 36 од Рамковната спогодба, во рок од шест месеци по влегување во сила на првата повеќегодишна финансиска спогодба за целосно децентрализирано управување за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата се воспоставува секторски Комитет за следење на ИПАРД (во натамошниот текст: Комитет за следење).

(2) Комитетот за следење е одговорен за следење на ефикасноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата во однос на програмските цели. Комитетот за следење се состои од претставници од органи на државната управа, агенции, економски, социјални партнери и организации од областа на животната средина. Претставници на Европската комисија, НИПАК, НАО и Директорот на ИПАРД Агенцијата, учествуваат во работата на Комитетот за следење. Со Комитетот за следење не може да претседава лице вработено во ИПАРД Агенцијата и во Телото за управување.

(3) Комитетот за следење за својата работа поднесува извештаи до Комитетот за следење на ИПА .

(4) Телото за управување ја извршува функцијата на Секретаријат на Комитетот за следење.

**Член 16**

**Внатрешна ревизија**

(1) Директорот на ИПАРД Агенцијата, согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој воспоставува внатрешна ревизија. Во рамките на ИПАРД Агенцијата е воспоставена посебна организациона единица за внатрешна ревизија.

(2) Организационата единица за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенцијата, преку Директорот на ИПАРД Агенцијата ги доставува наодите од извршените ревизии до НАО најдоцна до 10 февруари, секоја година за претходната година. По барање на НАО, организационата единица за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенцијата доставува и други извештаи.

(3) Во Телото за управување, внатрешната ревизија ја извршува Одделението за внатрешна ревизија во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Одделението за внатрешна ревизија во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку Раководителот на Телото за управување, ги доставува наодите од извршените ревизии до НАО најдоцна до 10 февруари, секоја година за претходната година. По барање на НАО, Телото за управување доставува и други извештаи.

(5) Внатрешните ревизори во Министерството за финансии, назначени за вршење на ревизија на структурите кои управуваат со средствата од ИПА, НАО и Национален фонд, доставуваат Годишен ревизорски извештај од својата ревизија до НАО најдоцна до 10 февруари секоја година, за претходната година. По барање на НАО, внатрешните ревизори во Министерството за финансии доставуваат и други извештаи.

(6) Во текот на годината, ИПАРД Агенцијата и Телото за управување до НАО доставуваат Табела за следење на препораките од Ревизијата после секоја извршена внатрешна ревизија во рамките на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување.

(7) Табелите со препораки од ревизиите се ажурираат од страна на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување на редовна основа секој месец и се доставуваат до НАО.

**Член 17**
**Функции**

(1) Функциите на НКА, НИПАК, НАО, Раководителот на Национален фонд, Директорот на ИПАРД Агенцијата и Раководителот на Телото за управување се извршуваат од лица именувани од Владата на Република Македонија.

(2) Органите и структурите на целосното децентрализирано управување во Министерството за финансии своите функции и одговорности ги вршат во рамките на овластувањата од Министерот за финансии.

(3) Органите и структурите на целосното децентрализирано управување во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство своите функции и одговорности ги вршат во рамките на овластувањата од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Органите и структурите на целосното децентрализирано управување во ИПАРД Агенцијата своите функции и одговорности ги вршат во рамките на овластувањата од Директорот на ИПАРД Агенцијата.

**Член 18**
**Завршна одредба**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5738/1
6 ноември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски,** с.р.